АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
**ВИНЕР - ВИЕНА ИНШУРЕНС ГРУП СКОПЈЕ**

# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ
# НА ПОСЕБНИ УСЛОВИ

ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЛИХИ НА ФЛОТАНТНА ОСНОВА ОД ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

Декември 2012 година

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗАЛИХИ НА ФЛОТАНТНА ОСНОВА ОД ОПАСНОСТ ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ

Осигурување по овие услови можат да заклучат правни лица кои уредно ја водат пропишаната книговодствена евиденција на непарични обртни средства (залихи), засновани на важечките законски прописи.

**Член 1**

Предмет на осигурување, по овие Услови може да бидат залихи на суровини, матерјали, полупроизводи, недовршени производи, готови производи, опрема и инвестиционен матерјал (средства за работа во припрема), резевни делови, трговска стока и други ствари кои се водат кај осигуреникот на класа 3 и 6, конто 025, освен автогуми во употреба и ствари кои не се предмет на осигурување во смисла на Условите за осигурување од пожар и некои други опасности.

**Член 2**

Залихите од член 1 се осигурани на секоевремени количества, по единечни цени како се водат во книговодството на осигуреникотдо денот на штетата,доколку поинаку не е договорено.
Доколу осигуреникот оцени дека цените од претходниот став заостануваат од пазарните цени може,во име на тоа ,да договори процентуално зголемување на основицата за пресметка на премија, односно сумата на осигурување.

**Член 3**

Кога ќе настане осигурен случај, висината на надомест се утврдува врз основа на цените од член 3 од овие Условии во согласност со Условите за осигурување од опасност од пожар и некои други опасности.

Во случај да пазарните цени се понискиод цените од став1 на овој член, тогаш висината на надоместокот се утврдува по тие цени.

Начелото на пропорција,во смосол на Општите услови за осигурување на имот, како последица на подосигурување, нема да се применува.

**Член 4**

Основица за пресметка на премија е просечнатамесечна или квартална вредност на осигурување на залихи, за период од една година.

Просечната месечна или квартална вредност се утврдува така што збирот на месечните или периодичните состојби, на изминатиот период, ќе се подели со 12 односно 4.Состојбата се зема од последниот ден во месецот.

**Член 5**

Премијата за осигурување, за тековната година на осигурување (претходна пресметка), се пресметува однапред, со примена на основица од член 4 од овие Услови.

Во случај да во текот на годината на осигурување, осигуреникот побара зголемување на пзарните цени, а со тоа и зголемување на осигураната сума, основица за пресметка претставува разликата помеѓу просечна месечна вредност на залихите за тримесечјето релативно зголемена во смисла на член 2 став 2 и основицата од член 4 од овие Услови. На оваа разлика се применува ¼ соодветна премиска стапка.

Осигуреникот е должен, да во рок од 15 дена од истекот на тромесечјето, му достави на осигурувачот потребни податоци.За неточност на податоците, сите правни последици ги сноси осигуреникот.

Ако осигуреникот не достави потребни податоци во наведениот рок, осигурувачот го задржува правото (привремено) да изврши пресметка на премија со зголемување на основицата од член 4 на овие Услови за промена на цените на производите, за соодветното тримесечје, и тоа кумулативно.

**Член 6**

За се што не е уредено со овие услови, ќе се применуваат одредбите од Оптите услови за осигурување на имоти.

**Член 7**

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

*Постапка по приговори*

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

*Постапка по жалба*

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

*Решавање на спорови*

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.